


# ПРЕПОРАКИ ОД АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ: КАКО ДО БЕЗБЕДНО ОНЛАЈН КУПУВАЊЕ И СИГУРНА ДОСТАВА?

## Задолжителна проверка на е-продавницата

Доколку се најдете во улога на купувач преку електронските помагачи (телефони, компјутери, таблети и сл.) пред да започнете со процесот на е-купување, Агенцијата за пошти Ви препорачува задолжително да направите проверка на е-продавницата од која сакате да пазарите. Ова е неопходно да се направи бидејќи на електронскиот пазар постојат и лажни е-продавници.

Веб-продавниците кои се рекламираат дека вршат продажба на различни производи и услуги, исто така, треба да се проверат дали навистина постојат како официјално регистрирани трговци (во Централниот регистар на Република Северна Македонија или Управата за јавни приходи).

За да се поедностави процесот доволно е да се побараат информации за компанијата која стои зад електронската продавница,односно адреса на компанијата и евентуална локација, контактни податоци - како телефонски број, активна е-маил адреса и сл.

Друг начин за проверка за сигурноста на е-продавниците е поседувањето на дигитален сертификат односно дали во пребарувачот на почетокот од лентата за линкот постои зелен катанец кој означува дека конекцијата е безбедна. Со кликањето на катанчето може да се провери кој го издал сертификатот и кој одговара за неговата валидност.

Исто така, при проверка на валидноста на е-продавниците треба да се внимава и на сомнителни „скокачки прозорци“ односно дали се наоѓате на истата веб-страница од каде што излегол прозорецоти да се обрне внимание на рекламните банери кои пренасочуваат на друга веб-страница или пак на страници кои имитираат други со цел да соберат лични податоци и приватни информации. Ваквите страници може да се препознаат според доменот (=domain) на веб-страницата во лентата за линк, односно при секое пренасочување да се внимава дали се сменил доменот или истиот е сомнителен.

Агенција за пошти
Кеј “13-ти Ноември”ГТЦ кат 2 зграда 4 влез 1 локал 2, 1000 Скопје
email: info@ap.mk; http://www.ap.mk
тел/факс 02 3 212 107



**Агенцијата за пошти им укажува на купувачите-примачи на пратки, дека купување од непроверени профили на социјалните мрежи претставува голем ризик и дека давателите на поштенски услуги не одговараат за содржината на пратката. Давателите на поштенски услуги можат да преземат одговорност само за губење или целосно оштетување на пратката, за делумно оштетување или ограбување на истата или пак за пречекорување на рокот за достава.**

## Какви платежни методи најчесто се користат при онлајн купувањето?



Е- продавниците кои имаат визуелно добро организирани веб-страници,нудат информации за своите потрошувачи од типот на информации за производите кои ги нудат,услови за користење, политика на приватност, помош при купување, начин на плаќање, услови за испорака, рекламации и сл. Начинот на плаќање за одбраниот производ или услуга најчесто се врши со помошна платежни картички или со готовина,што е избор на купувачот.
Плаќањето преку платежни картички се врши со внесување на податоците од картичката и истите не се зачувуваат ниту пак се пренесуваат преку серверот на е-продавницата. Најчесто секоја направена трансакција подлежи на авторизација-период во кој износот на трансакцијатае резервиран, но не и повлечени од картичката, заради дополнителна потврда на достапноста на нарачаниот производ. Трансакциите се процесираат преку платежниот процесинг-систем на банката која е сертифицирана за процесирање на трансакции. Во моментот кога се врши плаќањето и се внесуваат податоците, истите се процесираат преку безбедносниот протокол на банката и тие податоци не се видливи за е-продавницата.



## Следен чекор: достава на пратки

Следен чекор е доставувањето на производот до адресата на купувачот. Оваа активност е доделена на лиценцираните даватели на поштенски услуги. Тие го преземаат производот од испраќачот (од е- продавницата) кој што е соодветно обликуван во пратка ииздаваат адресница со единствен бар-код т.е. број на праткатаи на истата се впишуваат податоците за испраќачот и за примачот (име, презиме, адреса, телефонски број, количина,вид на пратка, датум на прием и датум на доставување на пратката итн). Откако во однапред определено време пратката ќе биде доставена односно врачена на примачот, тој го потврдува својот идентитет и во адресницата своерачно потпишува за приемот на пратката. На овој начин доставата на пратката е уредно извршена и од тој момент пратката е во сопственост на примачот (купувачот).
Плаќањето во готовина претставува активност која е составена од поштенска и финансиска услуга. Поштенската услуга го опфаќа делот во кој давателот на поштенски услуги го презема одбраниот производ од испраќачот (е-продавницата) и како пратка со откупнина истата ја доставува на адреса на примачот (купувачот). Откако примачот ќе се легитимира, доставувачот му ја врачува пратката и за истата од примачот добива готовина - паричен износ кој е впишан во адресницата од страна на испраќачот. Наведениот износ претходно е договорен помеѓу испраќачот и примачот и треба да биде вратен назад на испраќачот.
Без разлика кој начин на плаќање ќе го одбере купувачот, по приемот, во случај содржината на пратката да не соодветствува со производот/производите што се нарачани,одговорноста паѓа на страната на продавачот т.е. на е-продавницата.

Агенција за пошти
Кеј “13-ти Ноември”ГТЦ кат 2 зграда 4 влез 1 локал 2, 1000 Скопје
email: info@ap.mk; http://www.ap.mk
тел/факс 02 3 212 107